| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Водата извор на живот |
| **Содржина на денот** | Отворени и затворени линии |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како да одржуваме физичкои растојание дома и во градинка.<br>Најдобро е да одржуваме растојание и кога играме.<br>Усвојување на нови навики на безбедно поздравување на растојание со другарчињата. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со набљудување на предметите и играчките кои се наоѓаат во Вашиот дом. Водете разговор за нивната форма,изглед боја и слично. Опишувајте ги заедно. Кажете му на детето дека секаде околу нас постојат линии (отворени и затворени). Поттикнете го да ги воочи линиите на предметите кои што ќе ги набљудува.<br>Преку математичка игра и примери детето се запознава со отворени и затворени линии. Земете јаже или обрач. Објаснете му каква форма е обрачот - затворена, а јажето отворена. Откако ќе му ја објасните играта кажете му да застане во обрачот,  и нека погодува каде стои. Нека скока во обрачот повеќе пати со двете нозе. Исто така  за полесно да ги усвои поимите може да му се посочува да става предмети во затворената линија т.е обрачот (да биде како множество). Нека ја повторува играта додека има интерес.<br>Активноста завршете ја со цртање на отворени и затворени линии на бел лист од блок со дрвени боици. |